РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2145/5
31-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 58-мата седница одржана на 28.12.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2056/1 од 28.05.2020 година, оформен по доставена пријава за неправилности во начинот на усвојување на иницијатива од Општина Струга за измена на ДУП за дел од УЕ-11 блок 2, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 12-2056/1 од 28.05.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител – ///, во име на ///, на ден 28.05.2020 година е поднесена пријава во која се изнесени наводи за неправилности во начинот на усвојување на иницијатива од Општина /// за измена на ДУП за /// и оформен е предмет со број 12-2056/1 од 28.05.2020 година.

Според наводите од поднесената пријава, посочената иницијатива била усвоена на /// седница на Советот на Општина ///, одржана онлајн преку Zoom платформата на 30.04.2020 година. Според изнесеното, за одржувањето на седницата координаторите биле известени од страна на Претседателот на Советот еден ден пред одржувањето на истата. За усвоената точка немало материјали ниту произнесување од Комисијата за урбанизам.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за постапување и доставување на податоци и информации до Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Во законски утврдениот рок добиен е одговор од Државниот инспекторат за локална самоуправа при што е констатирано дека е поминат законскиот рок за негово постапување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk